Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за четврто одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

IV Одделение

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по предмет *музичко образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 час неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| **Тема 1: ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (19 ЧАСА)** |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Изговарање, изведување и повторување на бројалки.<br>2. Изговарање, изведување повторување на брзозборки.<br>3. Пеење кратки мелодиски целини по слух.<br>4. Пеење кратки мелодиски целини со примена на нотен запис, тонови, соодветни траења и паузи.<br>5. Обработка на детски со опсег до1 – до2.<br>6. Обработка на уметнички со опсег до1 – до2.<br>7. Обработка на народни песни со опсег до1 – до2.<br>8. Свирење кратки целини на ДМИ (ритмички и мелодиски) по слух и нотен запис.<br>9. Музичко-ритмички движења (чекорење, марширање, потскокнување).<br>10. Танцување (едноставни детски танци, едноставни движења на валцер).<br>11. Запознавање со народните ора. |

12. Играње на едноставни танци и ора со различни движења и во различни насоки.
13. Музичко изразување и творење (музички игри и драматизации).
14. Музичко изразување и творење на учениците со користење на изучените елементи од музичката писменост.

**Тема 2: СЛУШАЊЕ МУЗИКА ( 19 ЧАСА)**

**Наставни единици:**

1. Слушање на целосни вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела различни по карактер и содржина во основни видови на темпо/динамика и промена на темпото/динамиката.
2. Препознавање на изведувачите на делото.
3. Воочување на темпо (забавување, забрзување) и динамика (појачување, стишување) во слушаните дела.
4. Опишување на карактерот на слушаното дело.
5. Музика од цртани и играни филмови за деца.
6. Препознавање на изведувачите во музиката од цртаните филмови и филмови за деца.
7. Изразување на сопственото доживување за слушнатото дело.

**Тема 3: МУЗИКАЧКА ПИСМЕНОСТ ( 14 ЧАСА)**

**Наставни единици:**

1. Поставување (пишување) на тоновите: ла, ре и до1 на петолиние.
2. Воочување на тоновите ла, ре и до1 на петолиние, вежби за запишување на тоновите ла, ре и до1 на петолиние.
3. Местото на тоновите: фа, си и до2 на петолиние.
4. Вежби за визуелно препознавање на тоновите фа, си и до2 на петолиние.
5. Солмизационо читање на тоновите.
6. Ритам: Половина нота и пауза, цела нота и пауза.
7. Темпо (како стручен израз), забрзување и забавување на темпото.
8. Динамика (како стручен израз), појачување и стишување на динамиката.
9. Знак за повторување.

| Тема 4: НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО ( 12 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Народно музичко творештво/музички фолклор на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците.<br>2. Запознавање, пеење, слушање, играње на народните песни и ора на својот народ и народите кои живеат во нашата држава.<br>3. Народно музичко творештво во традицијата и обичаите на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците.<br>4. Запознавање со најкарактеристичните обичаи на својот народ и народите кои живеат во нашата држава.<br>5. Самостојно истражување за народното творештво. |

## 3. Дидактички препораки

Во скратената наставната програма по предмет *музичко образование* за четврто одделение на деветгодишното основно образование дадени се четири теми. Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности и методи). При нејзината реализација наставникот во предвид треба да ги има предзнаењата, постигањата, способностите и интересите на учениците. Во планирањето на активностите треба во предвид да се има и претходна подготовка и сознанијата на учениците. Со оваа програма предвидено е учениците да се стекнатат со продлабочени сознанија од музичкото образование. Учениците преку конкретната наставна програма имаат можност да ги развијат своите музичките способности. Во наставните содржини кои овозможуваат и нудат можности наставникот треба да овозможи развој на креативните способности кај секој ученик, како и да ги потикнува на истражувачка работа, самостојна работа, работа во групи и тимска работа. Наставникот додека ја реализира конкретната наставна единица треба да настојува да бидат вклучени сите ученици. Откако ќе биде завршена реализацијата на наставната единица се препорачува наставникот да ги провери стекнатите знаења кај учениците и кај истите да потикнува да ги искажуваат своите ставови, согледувања и мислења за реализираната наставна единица. Во текот на наставата постигањата на учениците редовно

се следат и вреднуваат. Се препорачува да се применува формативното, микросумативно и сумативно оценување на постигањата на учениците.

Напомена: наставниците за темата слушање музика во своите активности можат да ги користат наведените музички примери од редовната наставна програма.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наствна програма по предмет *музичко образование* за четврто одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/181
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска